ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Одобрени нови 1,5 милиони швајцарски франци за проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“
- Продолжува реконструкцијата на водоводната мрежа во Делчево: се реконструира потисниот цефковод до резервоарот на Чука
- Честит Велигден! Велигденска изложба 2023
- Делчево под маски! Априлијада 2023

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 35 АПРИЛ 2023

## Одобрени нови 1,5 милиони швајцарски франци за проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“



### Продолжува реконструкцијата на водоводната мрежа во Делчево: се реконструира потисниот цевковод до резреворaот на Чука



### Честит Велигден! Велигденска изложба 2023



### Делчево под маски! Априлијада 2023



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Совет на Општина Делчево



Со одлука на Советот на Општина Делчево, новиот градски пазар е предаден на трајно користење на ЈКП „Брегалница“. На 22 Седница, советниците едногласно ја поддржаа одлуката со која недвижната ствар и движните ствари-опрема од новиот градски пазар се даваат на трајно користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“. Воедно, со Одлуката се задолжува корисникот, Јавното комунално претпријатие „Брегалница“, да го стави во функција, да стопанисува, да го чува и одржува во исправна состојба и да го користи исклучиво за намената за која е дадени.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Совет на Општина Делчево

# Одобрени нови 1,5 милиони швајцарски франци за проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“

Актуелности



СЕКО-Берн Швајцарија донесе одлука за проширување на буџетот на проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ во износ од околу 1, 5 милиони швајцарски франци со што комплетно ќе се финализира проектот и ќе се изградат планираните инфраструктурни проекти. Оваа вест денеска лично на градоначалникот Трајковски ја соопштија високи претставници од СЕКО-Берн за време на работната средба која се одржа во Делчево.

Одобрувањето на средствата беше на барање на УО на Проектот со цел изградба на нов резервоар на месноста Чука во Делчево, изградба на други објекти и корпоративен развој на ЈКП „Брегалница“ и по потврденото партиципативно учество и на Министерството за животна средина и просторно планирање за изградба на нов водоснабдителен систем во с. Вирче.

Градоначлникот Трајковски се заблагодари на поддршката на Швајцарската Влада и на СЕКО и посочи дека со реализацијата на овој проект Делчево добива современ водоснабдителен систем и се решава основниот проблем за граѓаните-пристап до чиста вода за пиење за Делчево и три населени места, Ѕвегор, Габрово и Вирче.

Со дополнителните средства од 1, 5 милиони швајцарски франци, освен другите планирани инфраструктурни проекти со кои се заокружува процесот и се овозможува чиста вода за пиење, конечно, градот Делчево ќе добие и нов резервоар за вода на месноста Чука. Стариот резервоар е изграден пред повеќе од 60 години, во период, кога се градел тогаш водоводниот систем во Делчево. Новиот резервоар за вода ќе се гради со нови материјали и технологии со што ќе се влијае на квалитетот и ќе се минимизираат загубите на вода, а контролата на целата мрежа ќе биде електронска. Воедно, со средствата од Министерството за животна средина и просторно планирање се решава и проблемот со водоснабдувањето и на с. Вирче и негово приклучување на градскиот сиситем, потенцираше Трајковски.

Даниел Брудер, заменик-раководител на СЕКО посочи дека е задоволен од текот на реализацијата на проектот, од ангажманот на Локалната самоуправа и дополни дека целта на проектот не е само да се изгради инфраструктура туку и да се овозможи негово одржливо користење.

Претставниците на СЕКО извршија и увид во текот на работите за изградба на пречистителната станица за вода во с. Тработивиште и изградбата на фотоволтаичната централа за потребите на станицата.

Со новото проширување на буџетот, Проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ носи инвестиција од над 9 милиони швајцарски франци и е најголема инвестиција во историјата на Делчево.

# Се реконструира потисниот водоводен цевковод



Во реонот на Старо Делчево на ул „Острец“ во тек се градежни работи за реконструкција на потисниот водоводен цевковод кој води до резервоарот за вода на месноста Чука. Согласно со проектот се заменува старата азбестна водоводна линија во должина од 450 м со полиетиленски црева од фи-225 и со притисок од 16 бари. Со оваа интервенција се отстрануваат штетните по здравјето азбестни цевки, но се превенираат и дефектите на мрежата и загубите на вода.

Реконструкцијата на потисниот цевковод е дел од проектот за реконструкција на водоводната мрежа во три населби во градот со вкупна должина од 4,5 км. Во рамките на проектот се реконструираше и водоводната мрежа во дел од населбата Ново Делчево со должина од 1, 8 км и во населбата Милково Брдо, каде се изврши замена на старата дотраена водоводна инсталација во должина од 2, 3 км.

Инвестицијата на проектот е 18,8 милиони денари. Дел од нив во висина од 15 милиони денари е инвестиција преку МТВ, додека 3,5 милиони денари е учество на Општина Делчево. Градежните работи ги извршува фирмата „Панел-М“ од Тетово.

Актуелности

Актуелности

# Заврши рехабилитацијата на земјоделскиот пат за Долни Бавчи



Заврши рехабилитацијата на патот во м.в. Долни Бавчи во Општина Делчево кој се рехабилитираше во рамки на проектот **„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион“.**

Работите на рехабилитација се однесуваа на машинско планирање и набивање на подтлото до потребна збиеност и набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробеник со набивање до потребна збиеност и се одвиваа согласно утврдената динаминка. Предмет на работа беше патот во м.в. Долни Бавчи во должина од 1.000 метри и со ширина од 4,5 метри кој поминува низ земјоделско обработливо земјиште, претежно овоштарници и ниви. По теренот кој се работеше, при поројни дождови беше оневозможено движењето со возила и со земјоделска механизација до земјоделското земјиште кое се обработува.

Со реализацијата на овој проект за „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион“ директно се влијае на подобрување на руралната патна инфраструктура во непосредна близина на градот Делчево, а најголема корист ќе имаат сопствениците и корисниците на обработливото земјоделско земјиште до кое директно се пристапува од оваа траса и сопствениците на помошни земјоделски објекти и фарми на кои им се овозможува побрзо и побезбедно транспортирање на готовите производи до пазарите односно откупните пунктови кои за време на откуп се лоцирани во Делчево. Овој пат опслужува и е наменет за околу 500ха земјоделски површини.

Вкупната вредност на изведба на работите за рехабилитација согласно потпишаниот Договор помеѓу Центарот за развој на Источен плански регион и изведувачот СД Транс ДООЕЛ Славе увоз-извоз с.Ѕвегор, Општина Делчево изнесува 1.170.855,00 денари со ДДВ.

Финансиските средства за реализација на овој проект беа обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, преку Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2022 година, за чие искористување помеѓу МЗШВ и Центарот за развој на источниот плански регион беше склучен Договор за финансирање.

Актуелности

# Завршен настан за промоција на резултатите од проектот „Дигитализација на општинските услуги“



Во ОМЦ „Киро Глигоров“ во Штип се одржа завршниот настан на кој беа промовирани резултатите од проектот за дигитализација на општинските услуги. На завршниот настан покрај градоначалниците од Источниот регион, беше присутен и постојаниот претставник на УНДП г-динот Армен Григорјан, директорот на Бирото за регионален развој г-дин Рамиз Реџепи, како и останати претставници на локалните самоуправи, канцеларијата на УНДП, Бирото за регионален развој и претставници на медиумите.

Со потпишувањето на Договорот за меѓуопштинска соработка, се заокружии процесот на изработка на дигиталната платформа преку која жителите на Источниот регион ќе можат електронски да поднесуваат барања.

„Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“ е активност која беше аплицирана за финансирање во рамките на проектот „Пост-КОВИД: општините како двигатели за одржливиот развој“ во месец август 2021 година, од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Бирото за регионален развој. Главен носител на проектот беше Општина Штип, а партнери останатите 10 општини во состав на Источниот плански регион и Центарот за развој на Источен плански регион.

Главната цел на проектот е да се овозможи преминување во вториот чекор во дигитализацијата на општинското работење со олеснување на пристапот до општинските услуги за приближно 160.000 граѓани и бизниси, преку дигитализација на дел од општинските услуги кои што се најбарани и најкористени во сите 11 општини од Источниот плански регион.

Проектот дава придонес во зголемување на транспарентноста на општините од регионот, намалување на времето на прием и обработка на барањата од граѓаните, намалување на времето за поднесување на барања за издавање на решенија/одобренија по најразлични основи, зголемено задоволство на граѓаните од општинските услуги, подобрување на комуникацијата со НВО, граѓани и бизнис сектор, а пред сè придонесува за зголемување на дигиталната писменост на населението во регионот.

Преку новата платформа, граѓаните (физички и правни лица), освен што ќе можат електронски да генерираат барања за околу дваесетина општински услуги, да плаќаат електронски за предвидените административни такси и другите надоместоци, ќе можат и да го следат статусот на барањата и да бидат информирани кога нивните барања ќе бидат завршени или доколку во постапката нешто недостасува и треба да приложат дополнителни документи.

Трошоците за одржување и хостинг на платформата се на товар на проектот заклучно со септември 2024 година. По завршувањето на поддршката од страна на УНДП и Бирото за регионален развој, општините самостојно ќе ги покриваат трошоците за платформата.

Платформата може да се користи со најава на eservices.eastregion.mk.

Актуелности

# Енергетско ефикасно осветлување на градскиот парк во Делчево




Градскиот парк во Делчево ќе добие енергетски ефикасно осветлување во рамките на „Програмата за развој на заедницата“ финансирана од Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД, а имплементирана од страна на Мрежата за рурален развој на Северна Македонија.

Денеска во Делчево, градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски го потпиша Меморандум за соработка со што се формализира соработката помеѓу **Мрежа за рурален развој на Северна Македонија со партнерот ЛАГ Малеш-Пијанец** и **Општина Делчево, ЈКП „Брегалница“, Регионален центар за застапување Делчево, „Вел- дарц“ ДООЕЛ Делчево**, **„Брегал“, „Рома транс“, „Тренд ком“** за реализација на проектна иницијатива на територијата на ЛАГ Малеш-Пијанец. Меморандумот претставува темел за понатамошна соработка помеѓу засегнатите страни која ќе се развива врз основа на меѓусебно разбирање, доверба и координација за да се обезбеди што поквалитетна услуга на сите засегнати страни од областа на развој на заедницата.

Градоначалникот Трајковски посочи дека со реализацијата на проектот ќе се подобри осветлувањето во централното градско подрачје на Општина Делчево, но ќе се бележи и значителна заштеда, како за потрошена електрична енергија, така и заштеда за одржување.

Очекуваните резултати од реализацијата на оваа проектна иницијатива се:

- Набавени и поставени 138 нови светилки како замена за претходните светилки на истите места согласно претходно утврдената спецификација,
- Поставени 10 нови светилки на локации каде претходно постоеле светилки, а не се во функција,
- Поголема осветленост, финансиска ефикасност и заштеда,
- Мотивираност кај субјектите на територијата на ЛАГ Малеш-Пијанец за понатамошни заеднички иницијативи за подобрување на условите во локалната заедница.

Времетраењето на реализацијата на проектната иницијатива ќе биде **3 месеци**.

# Во Делчево се заловуваа кучиња скитиници

Актуелности



Во Делчево се заловуваа кучиња скитници во рамките на акцијата за заловување кучиња-скитници која денеска ја спроведе Ветеринарната станица од Виница на барање на Општина Делчево. Како економски оператор со кој Општина Делчево потпиша договор по претходно спроведена јавна набавка за услуги за заловување, интервенции и хуман третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња затекнати на јавна површина без присуство на сопственикот, Ветеринарната станица од Виница е должна да изврши заловување, прифаќање и третирање на кучиња – скитници во Општина Делчево, по претходно писмено барање и во присуство на службени лица вработени во Општина Делчево, со комплетна евиденција за секое фатено куче и извештај доставен до Општината, а согласно позитивните законски прописи од оваа област.

Економскиот оператор согласно договорот има право да врши испитувања и дејствија врз кучињата, а согласно Законот за заштита и благосостојба на животните: заловување и чување на регистрираните и нерегистрираните кучиња; лабараториско испитување за заразна болест лајшманиоза; овариохистеректомија (стерилизација) на кучиња – женки; орхиектомија (кастрација) на кучиња – машки; идентификација и регистрација - обележување со микрочип и ушни маркички со изработка на досие; вакцинација против беснило и дехелментизација со средство кое делува против ехинококоза; тест за социјализација на куче и еутаназија.

Во случај на заловување на регистрирани кучиња на територијата на Општина Делчево економскиот оператор (ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ДООЕЛ Виница) е должен сам да стапи во контакт со сопствениците и трошоците за третман да ги наплати од самите сопственици.

Вредноста на договорот изнесува 500.000,00 денари без вклучен ДДВ, парични средства кои се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

Актуелности

# Велигденско украсување на Делчево



Со велигденски декорации и реквизити, ЈКП „Брегалница“ ги украси јавните површини во централното градско подрачје во пресрет на велигденските празници. Како што информираат од претпријатието, велигденски декорации се поставени на тревната површина кај Стопанска банка, црквата „Св.Кирил и Методиј“ и кај споменикот на Гоце Делчев кај семафорите.

Освен, поставување на декорациите се врши и одржување на тревните површини. Воедно, екипи на претпријатието работеа и на култивирање на нова парковска површина околу новиот градски пазар, каде на 3000 м2 беше засеана парковска трева.

Оваа активност придонесува за оплеменување на просторот околу новиот градски пазар, каде се предвидуваат и други хортикултурни содржини.





# Велигденска изложба во Делчево

Актуелности





На Велики четврток во Делчево се славеше традицијата која на виделина ги извади сите креативни идеи на домаќинките поврзани со овој голем христијански празник кој е симбол на победата на животот над смртта. Спакувани во „Велигденска изложба“ на над десет штандови беа изложени илјадници велигденско украсени јајца, најразлични велигденски декорации и украси со што се продолжи традицијата поврзана на Велики четврток по пауза од две години поради пандемијата.

Свои велигденски декорации изложија: ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св. Климент Охридски“, СОУ „М.М.Брицо“, детската градинка „Весели цветови“, Дневниот центар за лица со посебни потреби, ФГ „Копачка“, вработените во ЈЛБ „Илинден“ и НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, а свои изработки имаа и Соња Стаменкова, како и учениците Сандра, Марија, Нела и Мелани.

Настанот беше збогатен со културно-уметничка програма, на која, освен ученици од основните училишта настапија и КУД „Гоце Делчев“ и ФГ „Никола Јонков Вапцаров“.

Традиционалната „Велигденска изложба“ има хуман карактер. Годинава собраните средства од изложбата ќе бидат донирани на ученици кои живеат во социјален ризик.

Инаку, градоначалникот Трајковски кој ги додели наградите за најдобри штандови, изрази задоволство од богатството велигденски креации и истакна дека традицијата е таа која ни го чува идентитетот и во ова модерно време цврсто нѐ држи за корените.

– Изразувам честитки на сите учесници на „Велигденската изложба“ сите заедно го направија овој убав ден да биде богат и празничен и сите успеаја во својата задача да ја промовираат традицијата за Велики четврток, ден кога се бојадисуваат велигденските јајца. Велигден е најубавиот христијански празник, тој е празник на љубовта, мирот на животот. Нека е за многу години!-истакна Трајковски.





# Доделени хуманитарни пакети

Актуелности







Општина Делчево заедно со компанијата „Зегин“ денеска ја реализираа традиционалната хуманитарна акција по повод Велигден и Рамазан-Бајрам при што беа поделени 40 пакети со храна.

Пакетите беа дистрибуирани во ОО на Здружението на пезнионерите во Делчево, црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Делчево, како и до Џамискиот одбор на градската џамија „Султан Мехмед Фатих II“, каде одговорните лица ќе ги распределат пакетите до своите верници на кои оваа помош им е непоходна и добредојдена.

Целта на хуманитарната акција е да се обезбеди побогата празнична трпеза и да се помогне на семејствата достоинствено да ги прослават празниците и да се покаже на дело дека никој не е заборавен.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Одбележан Денот на Ромите




По повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април, во Делчево се славеше ромската култура и традиција, но се доделија и традиционалните награди на најдобрите ученици Роми во образовните институции во Делчево.

Во рамките на свеченоста, беа презентирани и инфраструктурните проектите кои се актуелни во Делчево, а се работат со поддршка на Владата за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите и Општина Делчево.

Во своето обраќање, градоначалникот Горан Трајковски, истакна дека во моментов се активни инфраструктурни проекти во висина од 9 милиони денари во населбите каде претежно живеат Роми и потенцираше дека овие и сите други проекти кои се реализираат во Делчево имаат свој заеднички именител- сите влијаат врз квалитетот на животот на сите граѓани, а со тоа и на Ромите, како заедница која со векови живее во Делчево.

Во рамките на свеченоста, градоначалникот Трајковски ги додели и традиционалните парични награди на најдобрите ученици Роми во трите образовни институции во Делчево кои се мотивација за учениците Роми, за да постигнуваат подобри резултати во образованието и да се натпреваруваат во знаења

Најдобрата ученичка Ромка во СОУ „М.М.Брицо“, Елиса Мемедова, ученичка во 4 година стручно образование, доби парична награда од 10.000 ден, најдобрите ученици Роми во двете основни училишта добија по 5.000 ден.: Хасна Мемедова,7 одделение од ООУ „Ванчо Прке“ и Ајан Демировски ученик во 4 одделение во ООУ „Св. Климент Охридски“.

На тема „Времеплов на ромската носија“ беше отворена ексклузивна изложба, подготвена од Здружението „Тернипе-МК“ во која беа поместени петнаесет ромски носии со накит, колани и други додатни елементи, а беше презентирана и ромска трпеза на која беа изложени традиционални ромски јадења подготвени од 10 вешти домаќинки Ромки, а во организација на „Тернипе-МК“.

Во културно-забавниот дел свој настап имаа ученици од ПУ „Св.Климент Охридски“ с. Тработивиште и ученици од ООУ „Ванчо Прке“, а свој рецитал под наслов „За Ромите-постоеење низ вековите“ подготвија членови на „Тернипе-МК“.

Во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на Ромите, Општина Делчево и НВО КХАМ Делчево, како локална канцеларија на Младински образовен форум (МОФ) Клуб за дебата, беше организирана дебата на тема „Овој дом верува дека Ромите во Македонија не се дискриминирани“.

Актуелности

# СОУ „М.М.Брицо“ одбележа 99 години од раѓањето на патронот



Со пригодна свеченост делчевскиот средношколски центар СОУ„М.М.Брицо“, ја одбележа 99– годишнината од раѓањето на патронот Методи Митевски –Брицо, како и 62-годишнината од постоењето на оваа образовна институција во Делчево .

По тој повод ученици од СОУ „М.М.Брицо“ подготвија пригодна програма, а пред присутните се обрати и вд директорката на училиштето, Дијана Цоневска која истакна дека прославувањето на 62 години од постоењето е сериозна бројка во која младоста и зрелоста се обединуваат, а продуктивноста е на највисоко ниво

– Станавме училиште со современ образовен процес кое нуди поддршка на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, здравјето, сигурноста и безбедноста. Заеднички ја реализираме нашата визија да создадеме ефективно и модерно училиште во кое ученикот и неговите потреби се во центарот, преку интерактивна соработка меѓу учениците, наставниците и родителите, рече Цонева.

Таа посочи дека СОУ „Методи Митевски- Брицо“- Делчево ја отпочна реализацијата на проектот Чекор по чекор – за професионален развој, во рамките на програмата ЕРАЗМУС +, поддржана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност; училиштете повторно СУПЕРУЧИЛИШТЕ во Програмата на долгорочно партнерство, со Проектот Don’t Give Up. Во училиштето функционира и Ученичка заедница.

Градоначалникот Трајковски испраќајќи честитка по повод патрониот празник истакна дека делчевската гимназија е нашата гордост.

-Како единствено средно училиште во градот, СОУ „М.М.Брицо“ во Делчево веќе 62 години успешно ги спојува гимназиската и стручната насока и образова, воспитува и гради генерации и генерации млади луѓе кои утре ќе дадат свој придонес во развојот на нашиот град и држава. Ми претставува посебна гордост што ова училиште редовно учествува на натпревари за иновации, реди награди и признанија и отвора нови можности и перспективи на младите генерации. Натпреварот во знаења е предизвик и треба максимално да се искорити и да биде водилка и на учениците и на наставниот кадар. Им посакувам успешна работа и уште многу успеси во иднина, нагласи Трајковски.

Свеченоста започна со оддавање почит и положување свежо цвеќе пред бистата на Методи Митевски-Брицо во дворот на делчевската гимназија, а беа организирани и спортски натпревари.

# Претставници од „супер училиштата“ од Пирот и Делчево на средба со градоначалникот Трајковски



Претставници од Средното стручно училиште од Пирот, Р. Србија и од делчевскиот средношколски центар „Методи Митевски-Брицо“, денеска остварија средба со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, во рамките на проектот „Супер училишта“, дел од програмата на долгорочни партнерства Don’t Give Up, Gift UP. Носители на проектот се гимназијата „Методи Митевски – Брицо“ од Делчево и Средната стручна школа од Пирот коишто втора година по ред испишуваат меѓусебна соработка и разменуваат искуства на од двата средношколски центри и од двете држави.

Главна тема на состанокот беше имплементацијата на проектот кој е во насока на промовирање и подобрување на квалитетот на стручното образование, но и за очекуваните резултати од реализацијата на Проектот „Супер училишта“.

Градоначалникот Трајковски изрази задоволство што двете училишта градат соработка која ќе даде придонес за проширување на видиците на учениците, размената на искуства, но и кариерен и личен развој.

Суперучилишта е програма на RYCO за училишна размена во регионот со цел да се поддржи процесот на градење мир и помирување и интеркултурното учење и дијалог меѓу училиштата, учениците и нивните заедници. Програмата е дел од мултидонаторскиот проект „Програма за размена на училишта во Западен Балкан“ кофинансиран од Европската Унија и германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) заедно со Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO).

Актуелности

# Априлијада

Актуелности




Стотина маски, плод на детската фантазија и соништа го обоија Делчево во знакот на Меѓународниот ден на шегата 1 Април и традиционалната „Априлијада“.
Обединети во „Априлијадата“ низ градот продефилираа принцези, пчели, самовили, најразлични животни и ликови од детските бајки. Годинава домаќини на „Априлијадата“ беа ученици од ООУ „Ванчо Прке“, а освен учениците од ова училиште свој настап имаа и ученици од ООУ „Св.Климент Охридски“ и дечињата од детската градинка „Весели цветови“.
Организатор на настанот е Општина Делчево со поддршка на НУЦК „Н.Ј.Вапцаорв, ЈЛБ „Илинден“ и образовните институции во Делчево.





Култура

# Литературен конкурс „Гоце наша ѕвезда водилка“




По повод 120 години од смртта на великанот Гоце Делчев, патрон на градот Делчево, Јавната локална библиотека „Илинден” во соработка со КУД „Гоце Делчев“, распиша награден литературен конкурс на тема „Гоце – наша ѕвезда водилка“. Право на учество на конкурсот имаат сите заинтересирани граѓани од регионот на Пијанец и Малеш.
Напишаните литературни творби во проза или поезија можат да се достават во ЈЛБ „Илинден“ Делчево со напишано име и презиме и контакт телефон, но и во електронска форма на е-маил адреса: m.biblioteka@t.mk.
Најдобрите литературни творби ќе бидат прогласени и прочитани на свечениот концерт на КУД „Гоце Делчев“, во рамките на одбележувањето на 120 години од смртта на великанот Гоце Делчев на 4 мај 2023 година. Исто така, прогласените творби ќе бидат објавени на веб- страницата на Општина Делчево.
Конкурсот ќе трае до крајот на месец април, односно заклучно со 30.04.2023 година.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Одбележан светскиот ден на книгата и авторското право

Култура



Јавната локална библиотека „Илинден“, Светскиот ден на книгата и авторското право, го одбележа заедно со школската библиотеката на ООУ „Ванчо Прке“ со цел промовирање на навиките за читање, објавување и авторски права.

- Светскиот ден на книгата е посветен на љубителите на книгата низ целиот свет. Учениците од училиштето по тој повод читаа мудри изреки посветени на книгата, а целта е да се поттикнат навиките за читање и да се алудира на вредноста и значењето на книгите. Библиотеката, на училиштето му подари книги кои ќе бидат на располагање на учениците, истакна директорката Петровска.

Светскиот ден на книгата и авторското право почна да се празнува од 1995 година, а е прогласен од УНЕСКО, за да им се даде признание на книгите и на писателите. Датумот е избран затоа што на овој ден во 1616 година починале двајца великани на книжевноста – Мигел де Сервантес и Вилијам Шекспир.

Култура

# ЈЛБ „Илинден“ со донација за јаслите од детската градинка



Јавната локална библиотека „Илинден“ од Делчево ги донираше собраните средства од Велигденската изложба за потребите на најмалите во детската градинка „Весели цветови“.
За трите групи во јаслите, библиотеката подари играчки соодветни за нивната возраст.
-Ако целта на изложбата беше средствата од продажбата да се наменат за хуманитарни цели, тогаш библиотеката ја исполни својата должност и искрено се надеваме дека донацијата отиде во вистински раце. Тие се мали за да читаат и книги и сликовници, но затоа сакаат и треба да си играат, истакна директорката на библиотеката Билјана Петровска.
Досега ЈЛБ „Илинден“ има реализирано повеќе донаторски акции, ова е прв пат тоа до биде наменето за јаслите од детската градинка.
-Како установа ќе продолжиме да бидеме учесници во секоја една акција преку која ќе се помогне на одредени категории граѓани, независно дали станува збор за деца или други лица кои имаат потреба од тоа, додаде Петровска.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**